# Брз водач за запишување во изборните списоци и за гласање во Викторија

Начинот на кој се управува со Викторија влијае на нашиот секојдневен живот. Вие можете да помогнете да се обликува Викторија со тоа што ќе се запишете во гласачките списоци и ќе излезете на гласање.

## Запишување во гласачките списоци

Важно е да се запишете во гласачките списоци затоа што тоа ви овозможува да го кажете вашиот збор за тоа кој ќе ве претставува во сојузните, државните и локалните органи на власта. Секое ниво на власт има свои одговорности кои може да влијаат на вас и на вашата заедница.

За да гласате на изборите за сојузната, државната или локалната влада, мора да бидете соодветно запишани во гласачките списоци. Гласачки список е список со имињата и адресите на гласачите.

**Како да се запишете во гласачките списоци?**
Запишувањето е лесно, и треба само еднаш да се запишете за да гласате на сојузните, државните и локалните избори.

Се што треба да направите е да го пополните формуларот за запишување во гласачките списоци, што може да се добие од местото на интернет на Викториската изборна комисија, и да го испратите назад пополнетиот формулар.

Формуларите исто така може да се добијат од секоја поштенска канцеларија, од супермаркетите Coles или Bi-Lo, или од канцеларијата на Викториската изборна комисија. Исто така може да побарате да ви се испрати формулар по пошта ако ни се јавите на 13 18 32 (или на 9209 0105 ако ви е потребен преведувач).

**Дали мора да се запишам?**
Да. Задолжително мора да се запишете ако сте:

- австралиски државјанин;
- на возраст од 18 или повеќе години; и
- сте живееле на вашата тековна адреса во Викторија најмалку еден месец.

**Специјални запишувања**
Во подолу наведените случаи може да се добијат специјални формулари за запишување од местото на интернет на Викторискaта изборна комисија, или ако се јавите во Викторискaта изборна комисија на 13 18 32 (или на 9209 0105 ако ви е потребен преведувач).

**Што ако не можам да дојдам до гласачкото место?**
Може да се регистрирате како општ гласач по пошта ако имате проблем да стигнете до гласачкото место на денот на гласањето. Може да поднесете барање за да станете општ гласач по пошта ако:

- живеете на повеќе од 20 км оддалеченост од најблиското гласачко место;
- сте на возраст од 70 години или постари*;
- сте онеспособени;
- имате нарушено здравје;
- се грижите за некого со нарушено здравје;
- сте запишани како гласач без лични податоци (silent elector);
- служите затворска казна што е пократка од три години; или
- вашите верски убедувања ве спречуваат да гласате на денот на изборите.

* важи само за државните и локалните избори

Ако сте запишани како општ гласач по пошта, гласачкиот материјал ќе ви биде испратен откако ќе се затворат именувањата на кандидатите за избори.

**Што ако живеам или патувам во странство?**
Може да се запишете како гласач од странство ако:

- сте запишани во гласачките списоци и намерувате да ја напуштите Австралија во текот на следните три месеци, и намеравате да се вратите во Австралија во рок од шест години; или
- сте запишани во гласачките списоци и сте ја напуштиле Австралија пред помалку од три години, а намеравате да се вратите во Австралија во рок од шест години откако сте заминале.

Тоа што сте запишани како гласач од странство не значи дека автоматски ќе ви бидат испраќани гласачки ливчиња. Сепак ќе треба да гласате или лично, во некое австралиско дипломатско претставништво што ги пружа сите конзуларни услуги, или преку поднесување барање за гласање по пошта.

**Што ако не сакам мојата адреса да се појавува на гласачкиот список поради безбедносни причини?**
Може да поднесете барање да ве запишат во гласачките списоци како гласач без лични податоци ако верувате дека вашата лична безбедност или безбедноста на вашето семејство може да бидат во

опасност. Запишувањето како гласач без лични податоци значи дека вашата адреса нема да биде прикажа во идните изданија на гласачките списоци.

**Што ако сум бездомник или немам постојана адреса?**
Може да поднесете барање да бидете запишани како гласач без постојана адреса ако немате постојана адреса.

## Запишување во гласачките списоци за локалните избори

**Дали сум запишан во гласачките списоци?**
Ќе бидете автоматски запишани во гласачките списоци за локалните избори ако:
- сте запишани во сојузните и државните гласачки списоци со вашата сегашна адреса; или
- поседувате имот во општината каде што се спроведуваат изборите, но не живеете на тој имот, а сте првоименуваното или второименуваното лице во списоците за општинските даноци за таа општина; или
- сте поднеле барање до Општината за да бидете запишани во гласачките списоци за таа Општина (видете подолу).

**Исто така може да поднесете барање за запишување во гласачките списоци ако имате најмалку 18 години и:**
- ако не сте државјанин на Австралија, ама живеете и плаќате општински данок во општината каде што се одржуваат изборите; или
- плаќате општински данок за имот што го користите и немате друго право на глас во општината каде што се одржуваат изборите, на пример, ако сте кираџија во дуќан, и ако сте или назначени во списоците за општински данок на таа Општина за да го добивате известувањето за општински данок, или ако имате писмена согласност од сопственикот да гласате место него; или
- ако сте директор или секретар на компанија што плаќа општински данок во општината каде што се одржуваат изборите и немате други права на глас во таа општина.

Јавете се во вашата локална општина ако спаѓате во некоја од горенаведените категории со специјално право на глас.

## Кој има пристап до информациите од гласачките списоци?

Викторискаta изборна комисија има изработено *Правилник за приватноста* за да ги заштити информациите од гласачките списоци и приватноста на гласачите.

*Законот за избори од 2002 г. за Викторија (Electoral Act 2002* - Victoria) и налага на Викторискaта изборна комисија некои информации да им ги стави на располагање на заинтересираните страни како што се политичките партии, членовите на Парламентот и изборните кандидати.

*Законот за избори* исто така и дозволува на Викторискaта изборна комисија да им ги стави информациите на располагање на одредени поединци и организации. Тоа може да се случи ако, во соодветни околности, јавниот интерес за доставување на информациите е поголем од јавниот интерес за заштита на приватноста на личните информации.

Поединците и организациите на кои им се доставени информациите од гласачките списоци се наведени на местото на интернет на Викторискaта изборна комисија. Гласачите што не сакаат нивните поединости да стојат на гласачките списоци поради безбедносни причини може да поднесат барање да бидат запишани како гласачи без лични податоци.

## Гласање на изборите

Ако сте запишани во гласачките списоци, тогаш **мора да гласате** на сите сојузни, државни и локални избори. Ако не гласате, а немате оправдана причина за тоа, може да бидете парично казнети. Само гласачите што не се жители и гласачите на возраст од 70 или повеќе години не мора да гласаат на локалните избори.

### Сојузни избори

Сојузните избори секогаш се одржуваат во сабота и нив независно ги спроведува Австралиската изборна комисија (Australian Electoral Commission - AEC).

Австралискиот сојузен парламент се состои од два Парламентарни дома (Houses of Representatives познати уште и како Долен дом), и од Сенат (или Горен дом).

#### Кого избирам?

Гласате на сојузните избори за да ги изберете луѓето што ќе ве претставуваат во Претставничките домови и во Сенатот.

Австралија е поделена на 150 оддели на Претставничкиот дом. Од нив, гласачите во Викторија избираат 37 претставници со мандат до три години.

На секои сојузни избори, гласачите од Викторија исто така избираат шестмина од дванаесетте пратеници во Сенатот на Викторија кои имаат мандат од шест години.

## Државни избори

Државните избори се одржуваат на секои четири години, последната сабота во ноември, и нив независно ги спроведува Викторискaта изборна комисија. Следните државни избори ќе се одржат во сабота, на 25 ноември 2006 г.

Парламентот на Викторија е поделен на 88 окрузи на Законодавното собрание (или Долен дом). На следните државни избори, Викторија исто така ќе биде поделена на осум региони на Законодавниот совет (или Горен дом).

### Кого избирам?

Гласате на државните избори за да изберете едно лице што ќе ве претставува во Законодавното собрание и пет лица што ќе ве претставуваат во Законодавниот совет. Избраните лица имаат мандат од четири години.

## Локални избори

Од 2008 г., локалните избори за 79-те општински совети во Викторија ќе се спроведуваат на секои четири години.

Педесет и четири локални општини ќе спроведат избори во ноември 2005 г. Во 2008 г., сите локални избори ќе се одржат во последната сабота од ноември. Потоа тие ќе се спроведуваат на секои четири години во последната сабота од ноември.

### Кого избирам?

Гласате на локалните избори за да изберете кандидат или кандидати за вашата изборна единица или општина што ќе ве претставува во општинскиот совет со мандат од четири години. Во градското подрачје на Мелбурн (City of Melbourne) исто така директно гласате и за градоначалник и за заменик-градоначалник на градот Мелбурн.

Некои општини во Викторија не се поделени на помали изборни единици (претставуваат едно големо гласачко тело). Други се поделени на изборни единици (повеќе помали изборни тела). Бројот на општински советници што ги избирате го определува Министерот за локална самоуправа (Minister for Local Government).

## Сакате ли да дознаете повеќе?

Ако ви е потребна помош од преведувач, или сакате да дознаете повеќе за запишувањето во гласачките списоци и за гласањето на изборите за сојузна, државна и локална влада, телефонирајте на **9209 0105**.

Или пак пишете ни на:

Victorian Electoral Commission
Level 8, 505 Little Collins Street
Melbourne Victoria 3000

или телефонирајте ни на 13 18 32
+61 3 9299 0520 (за повици од странство)
9299 0570 телефон на кој може да се пишува (за лица со оштетен слух)

Ако сакате да се именувате за кандидат за Претставничкиот дом (House of Representatives) или за Сенатот (Senate) на сојузните избори, јавете се во Австралиската изборна комисија на 13 23 26 или посетете го местото на итнернет www.aec.gov.au

Можните кандидати за Горниот или Долниот дом на државните избори, или за локалните општински совети во Викторија треба да се јават во Викторисаката изборна комсија.